ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ
Ип1бр. 64-153 од 21.05.2021 г.
С К О П Ј Е

Овластениот градежен инспектор во Општината Карпош-Скопје, врз основа на член 137 став 1 и член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18), донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1.СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ** НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, по приемот на ова решение, во рок од **3(три) ДЕНА**, да ја **ОТСТРАНИ градбата – ПЕТ БЛОКАТОРИ поставени на тротоар**, на ул. Мраморец пред бр. 45 на КП 13571 КО ВЛАЕ, ИМОТЕН ЛИСТ 103320 ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РСМ.

2.Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3 Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

4.Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општината Карпош-Скопје, постапувајќи по службена должност, изврши увид на лице место и констатира со Записник за констатација Ип1 бр. 64-153 од 21.05.2021 година, градежен дневник број 34 од 2020год., дека **ИНВЕСТИТОРОТ** НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, не поседува одобрение за поставување издадено од надлежен орган, а има поставено **ПЕТ БЛОКАТОРИ поставени на тротоар**, на ул. Мраморец пред бр. 45 на КП 13571 КО ВЛАЕ, ИМОТЕН ЛИСТ 103320 ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РСМ.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, согласно член 137 став 4 од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја изградил/поставил градбата без одобрение за градење/решение по член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапкаво рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**